Врз основа член 1о од законот за оппествени организации на здруженија на граѓани од(Сл.весник на рм бр. 13/9о), собранието на клубот за атлетска гимнастика (Боди билдинг) ЕлектролуксВејдер на седницата одржана на ден 07-03- 1995 год. го донесе следниот :

# С Т А Т У Т

Клубот за атлетска гимнастика КАГББА"Е-В"(во понатамошен текст КАГ) е Здружение на граѓани која ги собира гимнастичарите и другите граѓани здружени во каг заради основање и заштита на нивните интересни лични или заеднички и потребите од областа на гимнастиката.

членовире зачленети во КАГ се членови на САГМ.

член 2

работата на каг е јавна. резултатите и учеството на натпреварувањата на членовите ќе бидат објавени преку јавните гласила (весник,радио и ТВ) и преку извештаите на САГМ за јавноста. Членовите на клубот писмено ќе бидат известени и информирани за сите активности на клубот,календарот на натпреварите состаноците на предсетателството и собранието.

член 3

Име и седиште:

- Името на организацијата е " Клуб за атлетска гимнастика "
- Седиште на КАГ е: ул .Брака Мингови бр 18

член 4

Обележје на КАГ:

- Амблемот на каг е правоаголна форма со бела основа,на горниот дел стои каг, под него Електролукс Вејдер а под нив Битола и буквите се во црна боја.
- Знамето на каг е со димензија 11о -7о см,и е од бела боја, а буквите се напишани со црна боја и е напишано исто како на амбленот.

член 5

КАГ има печаат и штембил:

-Печатот на каг има тркалезна форма со пречник од 32 мм.По надворешнот раб е текстот Клуб за атлетска гимнастика, а под него стои со поголеми букви ЕЛЕКТРОЛУКС ВЕЈДЕР и на подолниот дел во средината Битола

- Штемболот на каг има правоаголна форма, во ист текст , со место и дата и број .

член 6

КАГ ги остварува следните цели и задачи:

- ги собира и организира гимнастичарите и другите граѓани за членство на КАГ.
- ги застапува интересите на атлетската гимнастика - гимнастичарите како членови и корисници на услугите во гимнастиката.
- ги застапува интересите на гимнастичарите натпреварувачи на натпревари во републиката и во странство
- организира натпревари во соработка соСАГМ
- овезбедува учество на своите членови натпреварувачи во републиката и странство
- работи на унапредување на АТЛЕТСКА гимнастика во нашата република како спорт. Целите и задачите на КАГ ќе ги остварува преку учество на своите членови натпреварувачи на натпревари во републиката и странство. Со организирање на натпревари во републиката во соработка со САГМ.

член 7

<u>членство и организација</u>

Членството во КАГ е доброволно. Член може да стане секој граѓанон кој е државјанин на Република Македонија кој ги прифаќа целите и задачите утврдени со овој статут, и ја плаќа чланарината. член се станува со потпишување на пристапница.

член 8

Членовите можат да бидат: редовни,спомагателни, почесни и подмладок. Редовни членови се атлетските гимнастичари . Спомагателни членови можат да станат физички и правни лица кој матријално сакаат да го помогнат развојот на КАГ. Почесни членови можат да бидаат физички и правни лица кои за основни заслуги во остварувањето на целите и задачите на КАГ ќе го прогласи собранието на КАГ. Членови подмладок се деца и младина помали од 18 години.

член 9

Членовите на каг ги имаат следните права :

- да ги користаат услугите на каг за заштита на своите права во републиката и странство
- да бидаат навремено информирани за календарот на натпревари во републиката
- да бираат и да бидаат бирани во отганите на КАГ

КУЛТУРИЗАМ-ВЕЈДЕР Битола

Обврски на членовите на КАГ:

- редовно да ја плаќаат членарината
- даго подигнуваат и чуваат угледот на КАГ
- да се воздржат од секакво политичко делување во КАГ
- даго почитуваат статутот и другите правилници на КАГ

член 10

Својство на член може да се изгуби со истапување, неплаќање членари и исклучување од организацијаата

член 11

За повредите на членските должности од овој статут, постапката ќе ја води и мерките ги изрекува дисциплинската комисија, именувана од претседателството на собранието на КАГ.

ВО составот на дисциплинската комисија не можат да бидат членови на претседателството. Начинот на работа, именувањето и разрешувањето на членовите на дисциплинската комисија се утврдува со правилникот кој го донесува претседателството на КАГ.

член 12

КАГ донесува статут , има својство на правно лице, а го стекнува со упис во регистарот на надлежниот орган

## Органи на КАГ

член 13

Собрание

Собранието е највисок орган на управување на КАГ и го сочинуваат сите членови на лкубот.

Органи на собранието

- Претседателство
- Надзорен одбор

СО одлука на избор на членови, собранието на КАГ го утврдува бројот на членовите што го сочинуваат претседателството и нивниот начин на избор.

Мандатот на членовите на претседателството трае 4 (четири) години.

член 14

Работни седници собранието одржува еднаш годишно.

Изборни седници одржува секој четири години.

член 15

Седници на собранието свикува преседателот на собранието на КАГ по одлука на преседателството која ја донесува по сопствена иницијатива или на барање:

- надзорниот одбор
- на најмалку една третина од членовите на собранието

член 16

Собранието верифицира изборот на членови на преседателството

- ги иизбира и одповикува членовите на преседателството и надзорниот одбор
- го избира и одповикува председателот на КАГ
- ги разгледува извештаите и одлучува за работата на преседателството и надзорниот одбор
- донесува смерници, програми и планови за основање на целите и задачите
- го донесува, менува и дополнува статутот
- донесува финансиски план, ја усвојува завршната сметка
- одлучува за престанокот за работата на КАГ
- донесува деловник за работа

Преседателство

член 17

Преседателството е извршен орган на собранието со мандат од четири години.Бројот на членовите го утврдува собранието, членовите се избираат на четири години од членовите на собранието.

член 18

Седницата на преседателството се одржува по потреба, а најмалку двапати годишно. Седницата ја свикува и со неја преседава преседателот на КАГ.

член 19

преседателство

1. Ја извршува програмата, заклучоците и смерниците на собранието
2. Ги утврдува програмите за работа
3. Го утврдува предлогот за финансиски план
4. Именува и разрешува членови на работните тела и дисциплинската комисија .
5. Донесува правилник за награди и надоместување на трошоци на натпреварувачите
6. Врши и други работи кој со статутот или другире општествени акти не се ставени во надлежност на другите органи.

член 20

Преседателството ги има следните работни тела:

- комисија за организација, развој и членство, пропаганда и информации
- техничка комисија
- комисија за финансиски прашања

член 21

Надзорнијот одбор има 5 (пет) члена кој ги избира собранијето со мандат од четири години.Седницата на надзорниот орган се одржува по потреба а најмалку еднаш годишно

член 22

Надзорниот одбор врши надзор:

1. На спроведување на статутот и другитр општи акти
2. На спроведување заклучоци , одлуки и смерници на собранијето, преседателството и комисиите.
3. На материјалното и финансиското работење.

Надзорниот одбор за своето работење донесува деловник

член 23

Собранието,преседателството, надзорниот одбор полно важно работат ако се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови, а одлуките се донесуваат со мнозинството од присутните

член 24

преседател

- преседателот на КАГ го избира собранието со мандат од четири години
- преседателот ги свикува и преседава на седниците на собранието и преседателството
- го преставува и застапува клубот
- наименува секретар и благајник
- наредбодател е за извршување на финансискиот план
- врши и други работи во рамките на неговите овластивања

секретар

- се грижи за спроведување на одлуките и заклучоците на собранието, преседателството и другите работни тела
- се грижи за спроведување на другите работни тела
- се грижи за информирање на КАГ
- секретарот на КАГ го застапува во имотите и имотите и другите правни работи

член 25

Средствата кој ги користи КАГ за остварување на своите цели и задачи се остваруваат на следниот начин:

- дел од приходи од членарина и членски придонес
- приходи од спонзори и реклама
- приходи од донатори
- останати приходи

Начинот на користење и располагање со средствата

Средствата клубот ќе ги користи за надохнада за трошкови на своите членови на натпревари. Висината на надоместокот ќе го одредува претседателството и тоа ќе располага со средствата на клубот. За оваа намена ке биди изготвен правилник за награди и надоместок на трошкови на членовите на клубот и натпреварувачите.

член 26

За престанок со работа на КАГ одлучува собранието со најмалку две третини на гласови од вкупниот број на членови.

Престанокот на работа на КАГ може да биде под следните услови.

1. Кога бројот на членови се намали под бројот потребен за основање
2. Кога за тоа ќе одлучат членовите
3. Кога ќе се утврди дека клубот престанал со работа

член 27

КАГ јавните овластувања ги врши посредно во единствен систем на САГМ. Меѓусебните односи во извршување на јавните овластување во единствен систем на САГМ се утврдуваат со договор.

Постапка за донесување, дополнување и измена на статутот.

член 28

За измени и дополнување на овој статут одлучува собранието со дво-третинско мнозинство

Иницијатива за измени и дополнување на статутот на КАГ може да поднесаат

- Преседателството или
- Надзорниот одбор
- Најмалку една третина од членовите на КАГ

член 29

Клубот може да соработува и зачленува меѓународни асоцијации кои се занимаваат со иста дејност и можат да земаат учество во согласност со прописите на САГИ

член 30

Овој статут влегува во сила од денот на неговото објавување.

Клуб за атлетска гимнастика

Преседател:

Палензовски Димче

Секретар :

Трифуновски Владе